Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14 и 44/14) и член 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14), а согласно Заклучокот на Агенцијата бр.02-3377/6 од 27.06.2014 година, на 38-та седница одржана на 27.06.2014 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за одобрување финансиски средства за набавка на податоци за 50-те најзначајни огласувачи во 2013 година

1. Се одобруваат финансиски средства, во вкупен износ од 10.620,00 денари (9.000,00 денари, без ДДВ и износот на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 1.620,00 денари), заради реализирање на услугата – набавка на податоци за 50-те најзначајни огласувачи во телевизиската индустрија во 2013 година, односно - податоци за вкупната вредност на емитуваните спотови според официјалните ценовници на телевизиските станици, вкупното времетраење и бројот на емитувани спотови нарачани од секој од овие 50 (педесет) огласувачи.

2.Средствата од точка 1 на оваа Одлука се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.

3.Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

За изработка на Анализата на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има потреба од набавка на податоци за 50-те најзначајни огласувачи во телевизиската индустрија во 2013 година, односно - податоци за вкупната вредност на емитуваните спотови според официјалните ценовници на телевизиските станици, вкупното времетраење и бројот на емитувани спотови нарачани од секој од овие 50 огласувачи.

Следствено на тоа, Агенцијата на 19.06.2014 година упати Барање за доставување понуда за набавка на овие податоци до: Подружница „Ниелсен Аудиенце Меасуремент“ ДОО Скопје (наш бр.03-3333/1) и Друштвото за промет и услуги и истражување на јавното мислење „Аналитика“ ДООЕЛ, експорт - импорт Скопје (наш бр.03-3332/1).

Во врска со горе наведеното, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа доставени 2 (две) понуди и тоа:

- Понуда бр.13-27 од 20.06.2014 година (наш бр.03-3333/2 од 20.06.2014) од Подружница „Ниелсен Аудиенце Меасуремент“ ДОО Скопје, во износ од 27.675,00 денари без пресметан данок на додадена вредност од 18%, и
- Понуда (наш бр.03-3332/2) од 20.06.2014 година од Друштвото за промет и услуги и истражување на јавното мислење „Аналитика“ ДООЕЛ, експорт - импорт Скопје, во износ од 9.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност од 18%.

Со оглед дека Понудата наш бр.03-3332/2 од 20.06.2014 година од Друштвото за промет и услуги и истражување на јавното мислење „Аналитика“ ДООЕЛ, експорт - импорт Скопје, е финансиски поповолна за Агенцијата се одлучи да се одобрат средства во износ од 10.620,00 денари (9.000,00 денари без ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 1.620,00 денари), за набавка од овој понудувач за податоци за 50-те најзначајни огласувачи во телевизиската индустрија во 2013 година, односно податоци за вкупната вредност на емитуваните спотови според официјалните ценовници на телевизиските станици, вкупното времетраење и бројот на емитувани спотови нарачани од секој од овие 50 огласувачи. За реализирање на оваа услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014-та година.

Согласно погоре наведеното, а врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14 и 44/14) и член 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14), а согласно Заклучокот на Агенцијата бр.02-3377/6 од 27.06.2014 година, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 02-3431/1**

**27.06. 2014 година**

**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за истражување и долгорочен развој;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.